Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/2014), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следново:**

Република Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 03-1276/3
05.04.2018 год.
СКОПЈЕ

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и јавна презентација**
на предлог детален урбанистички план за градска четврт СЗ 20, Општина Ѓорче Петров

Планскиот опфат го опфаќа подрачјето дефинирано во рамки на следните граници:

**Север:** осовина на собирна улица „Ѓорче Петров"
**Северо-исток:** осовина на собирна улица „Војвода Васил Чакаларов" (ул.„Адолф Циборовски")
**Југ:** осовина на собирна улица „Веле Марков"
**Запад:** осовина на градска магистрала бул.„Македонска војска"

**Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 50,6ха.**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена **од 16.04.2018 година до 27.04.2018 година**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Нова Македонија" и „Вечер", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров – www.opstinagpetrov.gov.mk.

Во периодот на јавната анкета, предлог деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 20, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен **во просториите на УЗ Хром**, Општина Ѓорче Петров, **секој работен ден од 10.00 до 18.00 часот**.

Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во јавните гласила „Нова Македонија" и „Вечер", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

Јавна презентација, со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на **19.04.2018 година (четврток) во 13.00 часот во просториите на Одделението за просторно и урбанистичко планирање при Општина Ѓорче Петров**, додека јавна презентација, со стручно презентирање на планот, за заинтересираните граѓани ќе се одржи на **19.04.2018 година (четврток) во 15.00 часот во просториите на УЗ Хром**.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, може да доставаат забелешки на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број**
**од** 05.04 **.2018 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**

Република Македонија
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ